Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 02-176/2
05.02.2025 год.
Скопје

Врз основа на член 58, став 1, точка 13 од Статутот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 454/2019) и член 5 и член 8 од Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 689/2024), Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 05.02.2025 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на дополнителни надоместоци за извршени услуги или трошоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Одлуката за утврдување дополнителни надоместоци за извршени услуги или трошоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје (Универзитетски гласник бр. 696/2024).

**Член 2**

Табелата во точка 1 се менува и гласи:

| **Бр.** | **Назив на услугата** | **Износ** | |
|---|---|---|---|
| 1 | Издавање уверение за положени испити во текот на студиите (член 5, точка 4 од Анексот) | 200,00 | |
| 2 | Издавање потврди за статус на студент (член 5, точка 14 од Анексот) | 100,00 | |
| 3 | Издавање потврди по разни основи (член 5, точка 15 од Анексот) | 1.500,00 | |
| 4 | Набавка на on-line ресурси за реализација на студиските програми | 2.000,00 | Годишно |
| 5 | Набавка на материјални ресурси за реализација на студиските програми | 2.000,00 | Годишно |
| 6 | Дополнителна поддршка и консултации при презапишување предмет на прв циклус студии на барање на студентот | 1.200,00 | По предмет |
| 7 | За полагање на предмети во дополнителен термин за студентите на:<br>- прв циклус студии<br>- втор циклус студии<br>*Согласно Одлуката за правила на* | <br><br>1.250,00<br>1.500,00 | По предмет |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | *студирање на прв циклус (додипломски студии) и втор циклус (постдипломски студии) на Факултетот – Универзитетски гласник бр. 556/2021* | | |

**Член 3**

Дополнителните надоместоци на студентите за набавка на on-line ресурси за реализација на студиските програми и за набавка на материјални ресурси за реализација на студиските програми за учебната 2024/25 година се во вкупен износ од 4.000,00 денари.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник.

Д Е К А Н,

Проф.д-р Сашо Георгиевски